Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 211/0306
04.05 2021 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 април 2021 година, врз основа на примена жалба од Хелсиншки комитет за човекови права за интернет – порталот „ДоказМ.мк“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 21 април 2021 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесе жалба за текстот со наслов „И вмровците во МТВ ја претераа, Ефтооо свести се Геј, лезбејки, трансексуалност – дел од емисијата за млади која во ударен термин се прикажуваше на МРТВ“, објавен на 21 април 2021 година на интернет – порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazm.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, незастапена втора страна, говор на омраза, дискриминација, нарушување на приватноста и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 7, 10 и 13.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет - порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од „ДоказМ.мк“ соопштија дека се извинуваат ако жалителот на каков било начин бил навреден од текстот, за кој, како што посочуваат, бил сатиричен и немал намера да навреди нечија сексуална ориентација. Од медиумот, меѓу другото, појасни дека оспорената содржина не била насочена кон споменатите групи во текстот, туку кон уредувачката политика на Македонската Радио Телевизија. Од „ДоказМ.мк“, во исто време, објави и јавно извинување до ЛГБТ заедницата и, воедно, ја отстрани спорната содржина од својата веб-страница.

Во комуникацијата со Советот за етика, подносителот на жалбата Хелсиншки комитет за човекови права информира дека се прифаќа извинувањето, напоменувајќи дека ќе продолжат будно да го следат известувањето на конкретниот портал, поради, како што наведоа, трендовите на говор на омраза што во неколку наврати ги забележале кај овој медиум.
Советот за етика го затвори случајот по пат на помирување меѓу страните во спорот, откако констатираше дека интернет – порталот ја отстранил содржината[1] и објавил јавно извинување со наслов „По барање на СЕММ, а по жалба на Хелсиншки комитет, порталот „ДоказМ“ им се извинува на ЛГБТ заедницата“[2].

---

[1] https://dokazm.mk/i-vmrovtsite-vo-mtv-ja-preteraa-eftooo-svesti-se-gej-lezbejki-i-transeksualnost-del-od-emisijata-za-mladi-koja-vo-udaren-termin-se-prikazhuvashe-na-mrtv/?fbclid=IwAR3YYl-gnh27a3Ho6W5CzZydAo3hPsprWRHx4Ig55-mWurVzxnyYPRRu5G4
[2] https://dokazm.mk/po-barane-na-semm-a-po-zhalba-na-helsinshki-komitet-portalot-dokazm-im-se-izvinuva-na-lgbt-zaednitsata/

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот процес на медијација треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата ја цени и, во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да ги препознаат, признаат и коригираат пропустите во содржината.

Во овој контекст, Комисијата потсетува на членот 10 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595